РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 01- 490/1
22. 05. 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се стреми да биде двигател на позитивни општествени промени, насочени кон унапредување на суштествената еднаквост, промоција и заштита на човековите права и слободи, како и кон отстранување на сите облици на дискриминација, притоа уживајќи висока доверба кај граѓаните.**

---

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација делува како независно, професионално, ефективно и ефикасно, проактивно, транспарентно и достапно тело, кое навремено и одговорно одговара на потребите на граѓаните за заштита, унапредување и промоција на нивните права и слободи.**

---

## ВОВЕД

Стратешкиот план на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација 2024-2028 година, ги содржи стратешките приоритети и цели кон кои ќе биде насочена работата. Во него се утврдени и мерките преку кои ќе бидат остварени утврдените цели, како истите ќе се дефинираат и постигнат и кои ќе бидат индикаторите за постигнатите планирани цели.

За својата работа и за постигнатите цели, Комисијата изготвува Годишен извештај, кој јавно го објавува, а истиот, согласно законски утврдена обврска го доставува на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија.

Комисијата, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, покрај постапувањето по доставени претставки, има и проактивна улога за подигање на свеста за заштита од дискриминација и промовирање на човековите права.

Комисијата, својата работа ја остварува преку членовите кои се избрани лица, како и преку Стручната служба, која претставува стручна поддршка во нивната работа и која овозможува реализација на утврдените цели.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Стратешкиот план и стратешките цели, како и утврдените активности за реализација на стратешките цели, Комисијата ја донесе следната Програма за работа за 2026 година:

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Континуирано учење и надградување на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба<br>• Учество на најмалку 5 обуки за јакнење на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба за превенција и заштита од дискриминација | • КСЗД нема усвоен план за надоградување на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба<br>• Реализирани 6 обуки во врска со превенција и заштита од дискриминација во | • Усвојување на план за активности за јакнење на капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба<br>• Капацитетите на членовите на КСЗД и вработените во стручната служба се надградени и надградувањето се одвива во континуитет Одржана обука за членовите и Стручната служба на КСЗД (тим билдинг) за унапредување на интерната соработка и на професионалните капацитети |
| • Континуирано подобрување на базата за поднесување и евиденција на претставки | • КСЗД има форма на електронско пријавување на претставки и систем за водење на статистика на поднесени претставки | • Одржување и подобрување на на софтверскиот систем на управување со дата база за евиденција на претставки |

| | | |
|---|---|---|
| • Одржување и подобрување на електронската архива | | • Напредна форма за водење на статистика на поднесени претставки по сите основи на дискриминација |
| • Континуирана соработка со домашни и меѓународни експерти | • Донесен Правилник за формирање советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања поврзани со промоција, спречување и заштита од дискриминација<br>• Објавен јавен повик за пријавување на експерти за учество во советодавните тела<br>• Формирана листа на експерти | • Формирано најмалку 1 (ad hoc) советодавно тело. |
| • Истражување и анализа на податоци релевантни за работата на КСЗД | • Формирано аналитичко одделение | • Функционално аналитичко одделение<br>• Изготвен најмалку 1 извештај или анализа |
| • Донесување на конкретни критериуми за следење на работата на членовите | • КСЗД нема утврдени индикатори за следење на работата на членовите | • Утврдени индикатори за следење на работата на членовите |
| • Јакнење на стручната служба преку реорганизација на работата | • 1 донесена интерна процедура во 2025 година | • Изработена функционална анализа и нова систематизација на работни |

| | | |
|---|---|---|
| | | места |
| • Вклучување на родовата перспектива во внатрешните акти на КСЗД | • Партиципативна родова ревизија | • Родово сензибилизирани најмалку 8 акти |
| • Изработка на Акциски план за унапредување на родовата еднаквост | • Партиципативна родова ревизија | • Партиципативен процес на изработка |
| Временска рамка:<br>Континуирано во 2026 година | | Финансиски средства:<br>- Буџет<br>- Средства на донатори |
| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Признаено национално тело за заштита од дискриминација | | |
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Соработка со Народниот правобранител | • Во 2025 година, реализирана е 1 заедничка активност: работилница за институционална соработка помеѓу КСЗД, НП и Уставен Суд | • Реализирани најмалку 2 заеднички активности за превенција и заштита од дискриминација.<br>• Одржани најмалку 3 (три) заеднички работилници наменети за граѓани, и претставници на локалната самоуправа |
| • Иницирање соработка во насока на размена на | • КСЗД нема системска соработка со единиците на | • Остварена соработка со локални координативни |

| | | |
|---|---|---|
| податоци и информации од областа на дискриминацијата со телата за еднаквост на ниво на локални самоуправи | локалната самоуправа, како и останатите тела, органи и институции кои работат на локално ниво | тела за заштита од дискриминација<br>• Остварена соработка со најмалку 2 општински комисии за еднакви можности |
| • Соработка со Државниот завод за статистика и иницирање на потпишување Меморандум за соработка | • КСЗД нема воспоставена институционална соработка со Државниот завод за статистика | • Потпишување на Меморандум за соработка со Државниот завод за статистика |
| • Соработка со Министерството за образование и наука и иницирање на потпишување на Меморандум за соработка | • КСЗД нема воспоставена институционална соработка со Министерството за образование и наука | • Потпишување на Меморандум за соработка;<br>• Реализирани обуки за наставниот кадар во образовните институции со цел развивање на толеранција и недискриминација кај учениците |
| • Соработка со приватниот сектор заради поефикасна превенција | • КСЗД нема остварено средби со релевантни организации од приватниот сектор (стопански | • Најмалку 1 остварена средба со стопански комори или здруженија на |

| | | |
|---|---|---|
| • Доставување на иницијатива за заедничка средба и идна соработка со Организација на Работодавачи на РСМ | комори и здруженија на работодавачи) | работодавачи<br>• Спроведена обука со претставници (човечки ресурси, менаџерите) во приватниот сектор со акцент на ЗСЗД, појава на дискриминација при вработување и на работно место и примери на добри практики во промовирањето на еднаквоста. |
| • Соработка со граѓанскиот сектор заради поефикасна превенција и овозможување на системски промени<br>• Започнување на превентивни активности со Фудбалската Федерација на Македонија со поддршка на УНИЦЕФ и во соработка со МОН | • КСЗД има оставерено соработка со Граѓански организации во неколку области<br>• КСЗД во 2025 година, има спреведена медиумска кампања за превенција и спречување на дискриминација во детски лиги | • Најмалку 3 остварени средби со граѓански организации со кои КСЗД нема остварена соработка и иницирање потпишување на Меморандуми за соработка<br>• Спроведена медиумска кампања во соработка со ФФМ и МОН за спречување на дискриминација, |

| | | |
|---|---|---|
| | | зајакнати знаења и свесност кај младите кои тренираат фудбал и играат во младинската лига за значењето на еднаквоста<br>• Доставени „кјуар" кодови за пријавување на дискриминација до сите фудбалски терени каде ФФМ организира натпревари<br>• Дадена подршка (материјали) на училиштата и спортските клубови за организирање на дискусии на темите на дискриминација со цел полесно препознавање на предрасудите и пријавување на дискриминација<br>• Изработен промотивен видео метеријал со пораки за поттикнување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | еднаквоста |
| • Соработка со Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на Република Северна Македонија | • КСЗД има остварено средби со именуваните собраниски комисии, но нема воспоставено системска соработка | • Активна соработка и најмалку 1 заедничка иницијатива со Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните и/или Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на РС Македонија |
| • Транспарентност за целокупното работење, за расположливиот и потрошениот дел од буџет | • Објавен буџет за 2025 година, завршна сметка за 2024 година | • Објавен буџет за 2026, завршна сметка за 2025, објавени измени на интерни акти, објавен Годишен план за јавни набавки и Годишен план за вработување за 2026 година. |
| • Реализација на отворени денови на КСЗД во општините каде живеат социјално загрозени и | • Во 2025 година, КСЗД нема реализирано отворени денови | • Најмалку 3 реализирани отворени денови |

| | | |
|---|---|---|
| маргинализирани групи на граѓани | | |
| • Следење на спроведувањето на препораките на КСЗД и подготвување на извештаи врз основа на тие податоци | • КСЗД води внатрешна евиденција и континуирано следење на исполнетост на препораките<br>• Донесен Годишен извештај за работата на КСЗД за 2024 година | • Континуирано следење на исполнетост на препораките преку имплементиран софтверски систем за управување со дата база за евиденција на претставки<br>• Донесен Годишен извештај за работата на КСЗД за 2025 година |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Системско отстранување на дискриминацијата | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Носење на општи препораки од страна на КСЗД | • КСЗД во 2025 година, донесе 1 општа препорака | • Најмалку три (3) донесени општи препораки |
| • Поведување судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (action popularis) | • Во 2025 година, КСЗД има поведено 1 судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (action popularis) | • Поведена најмалку една судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis) |
| • Поведување на постапки по допрен глас. | • КСЗД во 2025 година, поведе 4 постапки по службена должност | • Поголем број на поведени постапки по службена должност |
| • Учество во судски постапки како пријател на судот (amicus curiae) и вмешувач | • КСЗД во 2025 година, учествуваше во 3 судски постапка како пријател на судот (amicus curiae) | • Учество во најмалку 3 судски постапки како пријател на судот (amicus curiae) и/или вмешувач. |
| • Јакнење на капацитетите и едукација за спречување на дискриминација на институции од јавниот и приватниот сектор | • КСЗД реализираше 6 обуки (НБРСМ) за едукација на спречување дискриминација во 2025 година | • Најмалку 6 реализирани обуки |

| | | |
|---|---|---|
| • Изработка на анализи, тематски извештаи и истражувања за структурни нееднаквости | • КСЗД има изработено 1 тематски извештај за структурни нееднаквости | • Најмалку 1 изработена анализа за структурна дискриминација |
| • Учество во изработка на закони и политики | • Во 2025 година, КСЗД не беше/беше вклучена во работни групи или друго за изработка на нови закони | • Учество во најмалку две работни група за изработка, измена и дополнување на закони |
| • Предлог-измени на Законот за спречување и заштита од дискриминација | • Законот нема измени и дополнувања од 2020 година | • Предлог-амандмани согласно Директивите на ЕУ за стандардите за телата за еднаквост |
| • Усогласување на законите кои содржат одредби за спречување и заштита од дискриминација, а треба да се усогласат со ЗСЗД. | • КСЗД во рамките на дејствувањето на НКТ има мапирано закони чии одредби треба да се усогласат со КСЗД | • Најмалку 1 од мапираните закони е целосно усогласен со одредбите на ЗСЗД |
| • Фокус на структурни форми на дискриминација и план за застапување по однос на истите | • КСЗД во 2025 година, нема изготвено план за застапување по однос на структурните форми на дискриминација | • Изготвен и усвоен план за застапување по однос на структурните форми на дискриминација |
| • Спроведување на тематски анализи врз основа на претставките од граѓаните и креирање мерки согласно | • КСЗД нема изготвено тематска анализа | • Изготвени најмалку 2 тематски анализи |

| | | |
|---|---|---|
| наодите | | |
| • Учество во работата на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област | • Во 2025 година, КСЗД зема активно учество на едната одржана седница на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област | • Активно учество во работата и седниците на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област |
| • Објавување на прирачник за превенција и заштита од дискриминација со примери на дискриминација за лесно препознавање од страна на граѓаните | • КСЗД досега нема изготвено прирачник за превенција и заштита од дискриминација | • Објавен прирачник за превенција и заштита од дискриминација |

| Временска рамка на реализација: | Извори на финансирање: |
|---|---|
| Во текот на целата 2026 година | Буџет на РСМ<br>Средства од донатори |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4: Зголемена јавна свест во однос на начините на превенција и заштита од дискриминација | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Ажурирање на комуникациската стратегија и комуникациските планови | • КСЗД има донесено комуникациска стратегија | • Ажурирање на Комуникациската стратегија, подготовка на План за реализација на истата, примена на истата во целост |
| • Постојано ажурирање на веб страната на КСЗД со реализарани активности | • Веб страната на КСЗД непречено и навремено е ажурирана | • Страницата постојано се ажурира согласно активностите |
| • Редовни соопштенија за медиуми и за социјални медиуми и објавување на информации за состојбата со дискриминација. | • КСЗД ги споделува своите мислења, наоди и препораки и се обраќа до јавноста преку кој било медиум | • Граѓаните се запознаени со работата на КСЗД<br>• Зголемена видливост на активностите на Комисијата |
| • Учество во телевизиски емисии, утрински програми, дебатни емисии | • КСЗД има остварено соработка со ТВ куќите во делот на јавни настапи | • Најмалку 10 учества на ТВ емисии, утрински емисии, дебатни емисии |

| | | |
|---|---|---|
| • Соработка со уличното списиание "Лице в лице" | • КСЗД нема остварена соработка со уличното списание "Лице в лице" | • Потпишување на договор за соработка за објавување на текстови во весникот и обезбеден простор за промоцоија на комисијата<br>• Обезбедени средства за оваа намена |
| • Промотивни кампањи | • КСЗД во 2025 година, реализираше една промотивна јавна кампања – настан за промоција на кампањата „1 до 5" | • промотивни кампањи со основните и средните училишта и преземање на мерки за превенција од дискриминација<br>• во периодот февруари - јуни одржување на 20 работилници со стручните служби на градинките, основните и средните училишта |
| • Промоција на ресурсниот центар на КСЗД | • Креиран Ресурсен центар на КСЗД | • Ставен во функција Ресурсен центар на КСЗД.<br>• Информирање на пошироката стручна јавност за функционлноста на ресурсниот центар и негово пополнување со соосдветни стручни материјали (извештаи, |

| | | |
|---|---|---|
| | | трудови, практикуми од областа) |
| • Воспоставување соработка со Универзитети низ РСМ | • Потпишан Меморандум за соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први„ - Скопје | • Потпишани Меморандуми за соработка со најмалку 2 универзитети низ државата<br>• Одржување на обуки за студенти<br>• Организирање на „ден за антидискриминација" на универзитетите |
| • Продолжување на соработката со проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото" | • Подготвени тематски Извештаи | • Промотивни активности подржани од проектот Поддршка на ЕУ за владеењето на правото:<br>- Презентација на филм на тема насилство<br>-Потпишување на меморандум за соработка со Европскиот универзитет во Скопје<br>- Изложба на постери на тема дискриминација во соработка |

| | | |
|---|---|---|
| | | со студентите од Европскиот универзитет<br>- одржување на настан „разговори за еднаквост<br>- Организирање на настан „Појадок со новинарите“<br>-Одржување на Прес конференција (на 8ми март) за презентација на Извештаојот за повеќекратна и интерсекциска дискриминација во областа на работата и работните односи врз Ромките |
| Временска рамка и реализација:<br>Континуирано во 2026 година | | Финансиски средства:<br>Буџет<br>Средства на донатори. |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: КСЗД остварува значајна улога и соработка на интернационално ниво и иницира ефикасно поврзување и размена на позитивни практики | | |
|---|---|---|
| *Предвидени мерки:* | *Појдовна основа:* | *Очекувани резултати:* |
| • Следење на спроведувањето на меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација<br>• Подигнување на капацитетите на КСЗД во однос на следењето на спроведувањето на меѓународните препораки од областа на заштитата од дискриминација | • КСЗД нема изготвено извештај или стручно мислење за спроведувањето на меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација | • Најмалку еден подготвен извештај или стручно мислење во врска со спроведување на меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација<br>• Подготовка на база со податоци за меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација<br>• Организирање на обуки и размена на искуства со експерти од областа во однос на спроведувањето на препораките<br>• Изработка на Анализа за усогласеноста на КСЗД со директивите 1499/2024 г. и 1500/2024 г. на ЕУ за стандардите за телата за |

| | | |
|---|---|---|
| | | еднаквост. |
| • Воспоставување на соработка со телата за еднаквост од регионот | • КСЗД има воспоставено соработка со телата за еднаквост од регионот, преку размена на искуства и практики на регионалните конференции на телата за еднаквост од регионот. | • Најмалку една остварена средба или студиска посета на тело за еднаквост од регионот |
| • Придонес во подготовка на национални извештаи за спроведувањето на меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација | • КСЗД не учествувала во подготовка на национални извештаи | • Учество во подготовка на Универзално периодично разгледување на ОН и други тематски извештаи |

| | | |
|---|---|---|
| • Активна соработка со Еквинет | • КСЗД во 2025 година, реализираше 3 активности со Еквинет. | • Повеќе од 3 реализирани активности со Еквинет |
| • Доставување поднесоци до меѓународни тела за човекови права | • КСЗД во 2025 година, не достави поднесок до меѓународни тела за човекови права | • Најмалку 1 доставен поднесок до меѓународни тела за човекови права |
| Временска рамка на реализација: | | Извори на финансирање: |
| Во текот на целата 2026 година | | - Буџет на РСМ<br>- Донаторски средства |